Влада на Република Северна Македонија

Министерство за спорт

Бр. 08 - 2416/1

31-10-2024 .2024 год

До: **НАЦИОНАЛНИ СПОРТКИ ФЕДЕРАЦИИ**

- **СПОРТСКИ КЛУБОВИ**
- **АКТИВНИ СПОРТИСТИ ОД ИНДИВИДУАЛНИТЕ ОЛИМПИСКИ И НЕОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ**
- **ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА СО РЕШЕНИЕ ЗА ДЕЈНОСТ СПОРТ**

  *Скопје*

**Предмет:** *Известување*

Почитувани,

Ве известуваме дека отпочнува реализацијата на Програмата - Субвенции од областа на спортот за 2024 година.

Во прилог Ви ги испраќаме потребните Обрасци за секоја од категориите корисници на средствата од односната Програма. Истите е потребно да се пополнат и, заедно со бараните прилози, потребно е да се доставаат до Министерството за спорт во рок од 15 дена од денот на доставувањето на Обрасците.

Доставените пополнети Обрасци и бараните прилози се сметаат за предуслов кој се однесува на започнување на постапката за утврдување на исполнетоста на критериумите за распределба на средствата од Програмата.

Исполнетоста на критериумите ги утврдува Министерството за спорт.

Корисниците на средствата кои не ги исполниле односните критериуми или пополнетите Обрасци и прилози ги доставиле надвор од предвидениот рок, нема да бидат земени предвид при распределба на предметните средства.

Динамиката на исплата на средствата ќе се одвива по утврдувањето за исполнетоста на критериумите од страна на Министерството за спорт по тековен принцип, а не кумулативно. Ова значи дека за корисниците кои први ќе ја достават потребната документација и за кои се утврдило дека ги исполниле критериумите, веднаш ќе започне постапката за исплата на средствата.

Срдечен поздрав,

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

**МИНИСТЕР**

Борко Ристовски

**Прилог: 4)**

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38 Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Ministria për sport** Rr.MaqedoniaNr.38 Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@sport.gov.mk **web:www.sport.gov.mk**